## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ

### ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

# ЕУ НОВОСТИ

**Број 2**

декември 2009 - јануари 2010

СКОПЈЕ

**Вторник, 1 декември 2009 година**

**НОВ СОСТАВ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА**

Претседателот на Европската комисија, г. Жозе Мануел Баросо, на 27 ноември 2009 година го објави составот на новата Европска комисија. Се очекува новиот тим да ја исполни агендата за промени што г. Баросо ја одреди во политичкиот водич во септември, по неговата номинација од земјите-членки, а пред неговото назначување за претседател на Комисијата од страна на Европскиот парламент.

Новиот колегиум ќе има 7 потпретседатели, вклучувајќи ја и г-ѓа Кетрин Ештон, која истовремено ќе ја извршува функцијата висок претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика, по стапувањето на сила на Лисабонскиот договор на 1 декември 2009 година. Три од потпретседателите ќе бидат жени.

Новиот состав брои 27 членови, по еден од секоја земја-членка, вклучително и претседателот Баросо. Девет од членовите на Комисијата ќе бидат жени. Членовите на Комисијата се од различни политички групи: Европската народна партија, Прогресивната алијанса на социјалисти и демократи и од Алијансата на либерали и демократи за Европа. Четиринаесет членови, вклучително и претседателот Баросо, беа во претходниот состав на Комисијата.

Новата Европска комисија за периодот до 31 октомври 2014 година мора да биде одобрена од Европскиот парламент. Комесарите ќе имаат индивидуални сослушувања пред парламентарните комитети во периодот од 11 до 19 јануари 2010 година, а гласањето за новиот состав на Комисијата е предвидено за 26 јануари. Новата Комисија ќе биде назначена од Европскиот совет, по што истата ќе може да започне со работа.

**Жозе Мануел Баросо - претседател на Европската комисија**

**Одговорности на комесарите**

- **Кетрин Ештон**, висок претставник за надворешни работи и безбедност и потпретседател на Комисијата
- **Вивијан Рединг**, правосудство, темелни права и државјанство, потпретседател на Комисијата
- **Хоакин Алмунија**, конкурентност. Потпретседател на Комисијата
- **Сим Калас**, транспорт, потпретседател на Комисијата
- **Нели Кроес**, дигитализација, потпретседател на Комисијата
- **Антонио Тајани**, индустрија, потпретседател на Комисијата
- **Марош Шефчович**, меѓуинституционални односи и администрација. Потпретседател на ЕК.

- **Јанез Поточник**, животна средина
- **Оли Рен**, економски и монетарни прашања
- **Андрис Пиебалгис**, развој
- **Мишел Барние**, внатрешен пазар
- **Андрула Василиу**, образование, култура, повеќејазичност и млади
- **Алгирдас Шемета**, даночна и царинска унија, ревизија и борба против измама
- **Карел де Гухт**, трговија
- **Џон Дали**, здравство и политика на потрошувачи
- **Мери Џохеган Куин**, истражување и иновации
- **Януш Левандовски**, буџет и финансиско програмирање
- **Марија Даманаки**, морепловство и рибарство
- **Гунтер Јотингер**, енергетика
- **Јоханес Хан**, регионална политика
- **Кони Хедегард**, климатски акции
- **Штефан Фуле**, политика на проширување и добрososедство
- **Ласло Андор**, вработување, социјални прашања и инклузија
- **Сесилија Малмстром**, внатрешни работи
- **Румјана Желева**, меѓународна соработка, хуманитарна помош и дејствување при кризи
- **Дачијан Чолош**, земјоделство и рурален развој

**Вторник, 1 декември 2009 година**

**ЛИСАБОНСКИОТ ДОГОВОР СТАПУВА НА СИЛА**



Денес стапува во сила Лисабонскиот договор. Настанот ќе биде одбележан со церемонија во градот Лисабон, организиран од страна на Португалската влада, Шведското претседателство со ЕУ и Европската комисија.

Договорот ќе обезбеди нови значајни придобивки за граѓаните и ќе ја утврдува институционалната дебата во догледно време, ќе овозможи Европската унија целосно да се насочи на управувањето и излезот од економската и финансиската криза како и да бележи прогрес со Стратегијата 2020 за позелен раст.

Според претседателот на Европската комисија Жосе Мануел Баросо "Лисабонскиот договор ги става граѓаните во центарот на европскиот проект. Постигнати се вистинските институции за акција и период на стабилност".

Лисабонскиот Договор ги дополнува досегашните договори на ЕУ и ЕК без да ги замени. Договорот ќе обезбеди законска основа и неопходни алатки за да може Унијата да се соочи со идните предизвици и да одговори на барањата на граѓаните. ЕУ ќе биде поспремна да излезе во пресрет на очекувањата во областа на енергетиката, климатските промени, прекуграничниот криминал и имиграцијата.

Помеѓу клучните подобрувања со Договорот се и обезбедување на:

- подемократска, поотворена и поодговорна Унија;
- поефикасна Унија;
- повеќе права за европските граѓани и
- Унијата како значаен светски учесник.

**Четврток, 3 декември 2009 година**

**КОНФЕРЕНЦИЈА ВО МАДРИД ПОСВЕТЕНА НА ШПАНСКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО ЕУ**

На 3 и 4 декември во Мадрид се одржува Конференција на која ќе учествуваат претседателот на Европскиот парламент, г. Јержи Бузек, премиерот на Владата на Шпанија, г. Хозе Луис Родригес Запатеро, министри од шпанската влада, членови на Шпанскиот парламент и лидери на политичките групи во Европскиот парламент. На конференцијата се дискутира за Шпанското претседателство со ЕУ, кое започнува од 1 јануари 2010 година.

Шпанија е првата земја која го презема Претседателството со Советот на министри на ЕУ по стапување на сила на Лисабонскиот договор. Шпанското претседателство треба да постави нови релации помеѓу европските институции согласно Лисабонскиот договор.

**Петок, 4 декември 2009 година**

**УНИФИЦИРАНА ЗАШТИТА НА ПАТЕНТИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА**

На дневниот ред на министерската средба на Советот за конкуренција, што се одржува на 3 и 4 декември 2009 година се разгледува заедничкиот систем за патенти како значаен фактор за подобрување на климата за иновации во Европската унија. Генерална тема на состанокот е Стратегијата на ЕУ за развој и работни места за периодот после 2010 година.

На средбата треба да се постигне согласност за заеднички пристап за правилата за патенти на Заедницата, ќе се усвојат заклучоци за Европски суд за патенти и одредени прашања поврзани со патентот на Заедницата. Сегашниот Европски систем на патенти содржи одредени пропусти и има потреба за унифицирана заштита која целосно ќе биде применета во ЕУ. Клучно решение за европските иновации и конкурентност е воведување на подобар систем за патенти.

Министрите надлежни за истражување ќе подготват платформа за заживување на Европската политика за истражувањето и истражување базирано врз иновации. Советот треба да постигне согласност на кој начин ќе се подобри управувањето со Европската област на истражување. Финалните заклучоци ќе се проследат до шефовите на држави и влади на Европскиот совет на 10 и 11 декември 2009 година.

На дневен ред е и предлогот на директива за правата на потрошувачите, која вклучува ревизија и зајакнување на постојните директиви за склучување на договори преку интернет, телефон и заштита од нерегуларни услови. После интензивни преходни дискусии меѓу земјите-членки, за прв пат ова прашање ќе се дебатира на министерско ниво.

Во дискусиите ќе се отвори и прашањето за воспоставување на нова форма на здружение - Европско приватно претпријатие, со цел да се зајакне конкуренцијата на малите и средни претпријатија како и за олеснување на нивното основање на пазарот.

**Петок, 11 декември 2009 година**

**ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ОДОБРИ ОКОЛУ 1,5 МИЛИЈАРДИ ЕВРА ЗА ПЕТНАЕСЕТ ЕНЕРГЕТСКИ ПРОЕКТИ**



Европската комисија на 9 декември одобри петнаесет енергетски проекти кои значително ќе придонесат кон економското закрепнување на Европската унија. Истовремено ќе се придонесе за зголемување на енергетската сигурност и намалување на емисиите на јаглерод диоксид. Комисијата одобри една милијарда евра за шест проекти за собирање и складирање на јаглерод и 565 милиони евра за девет проекти за енергија произведена од ветар.

Според европскиот комесар за енергетика, г. Андрис Пиебалгс, со оваа одлука Комисијата ги постави основите за развој на две клучни одржливи технологии, важни во борбата за справување со климатските промени. Оваа одлука на Комисијата не само што дава поттик за економијата и вработеноста, туку е во насока на поддршка на иновативните енергетски технологии коишто може да создадат нови работни места и натамошен раст во иднина.

Со промовирање на технологијата за собирање и складирање на јаглерод, Комисијата го препознава значењето на фосилните горива и потребата за адаптирање на енергетскиот систем со ниско ниво на јаглерод.

Крајбрежните проекти за енергија произведена од ветар ќе го забрзаат развојот и конкуренцијата на индустријата во Европа и ќе создадат значителен број на нови „зелени" работни места. Новите иновативни енергетско-технолошки проекти ќе придонесат во исполнувањето на обврзувачките цели за намалување на емисиите на стакленички гасови и за развој на енергијата од обновливи извори до 2020 година.

Во мај 2009 година Европската унија издвои околу 4 милијарди евра за енергетски проекти за поддршка во закрепнувањето на економијата, а одобрените 15 проекти се првиот чекор за користење на дел од наменските средства.

**Понеделник, 14 декември 2009 година**

".EU" **ИНТЕРНЕТ ДОМЕН ДОСТАПЕН НА СИТЕ ЈАЗИЦИ НА ЕУ**




Од 10 декември 2009 година, сите граѓани на Европа, приватниот сектор и организациите, може да регистрираат „.eu" веб-страни, користејќи ги знаците на сите 23 официјални јазици на Европската унија. Тоа значи дека при регистрацијата ќе може да се употребуваат и кирилични имиња, како на пример www.роуминг.eu, согласно со новите правила на ЕУ, усвоени од Комисијата во јуни 2009 година (IP/09/1044) .

Според европскиот комесар за информатичко општество, Вивиан Ридинг, интернационализирањето на називите на „.eu" домените, претставува голем чекор напред за глобалниот и локалниот интернет. Многу корисници на интернет пристапуваат од држави кои не го употребуваат латиничното писмо. Промовирањето на (IDNs) меѓународните имиња на домени под „.eu" ќе одговори уште повеќе на потребите за мултијазична и мултикултурна Европа.

Си до денес, при регистрирањето на имињата на „.eu" домените можеше да се користи само ограничена листа на карактери. Сега ќе може во целост да се регистрира низата на карактеристични знаци од различните официјални јазици во ЕУ.

Комисијата одлучи дека европскиот главен „.eu‟ домен треба да понуди знаци, букви, цифри, интерпункции и сл. од сите официјални јазици на Европската унија. Граѓаните на Унијата, претпријатијата и организациите ќе имаат можност да регистрираат имиња на домени во нелатинични записи.

Мултијазичноста претставува многу важен аспект на ЕУ во процесот на регистрација на домените што започна во 2006 година. Правната рамка предвидува регистрацијата на имиња со „.eu‟ домен и комуникацијата на одлуките во однос на регистрацијата да бидат достапни на сите официјални јазици на Заедницата.

Од денес па натаму, имињата во рамките на „.eu‟ доменот ќе се користат преку Меѓународните имиња на домени. Откако Интернет корпорацијата за кориснични имиња и броеви ќе ги одобри меѓународните имиња на доменот на „.eu‟, ќе може во целост да се врши регистрирање на веб-адресите со посебен запис т.е. кодна адреса.

„.Eu‟ претствува европски домен на највисоко ниво, воведен од страна на Унијата. Со него управува Европскиот регистар на интернет имиња на домени, EURid. Ова здружение е непрофитна организација на белгиски, чешки, италијански и словенечки регистри, кое започна со работа во 2005 година. До денес има повеќе од 3 милиони „.eu‟ имиња на домени.

**Четврток, 21 јануари 2010 година**

**НОВАТА ВИЗИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА БИОДИВЕРЗИТЕТ**



Европската комисија на 19 јануари 2010 година претстави документ со кој се поставени визиите и идните цели на политиката на ЕУ за биодиверзитет за периодот после 2010 година, со што се одбележа започнувањето на Меѓународната година на биодиверзитет. Еврокомесарот за животна средина, г. Ставрос Димас, потенцирајќи ја важноста на прашањето за заштитата на биодиверзитетот, укажа на потребата за воведување на нова политика и стратегија за периодот после 2010 година.

Биодиверзитетот е огромна разновидност на живиот свет на земјата, природен потенцијал преку кој се обезбедува чист воздух и вода, храна, суровини, лекови, регулатор на климата и заштита од катастрофи. Биодиверзитетот на глобално ниво се намалува во алармантни размери и со катастрофални последици. Денес, загубите на биодиверзитетот заедно со ефектите од климатските промени, претставуваат најголема закана за животната средина со која се соочува човештвото.

Во 2001 година Европската унија постави цел да го запре уништувањето на биодиверзитетот во рамките на Унијата до 2010 година. Оттогаш, беа преземени напори за подобра имплементација на законите, како и дополнителни мерки за зајакнување, одржување и искористување на биодиверзитетот. Европската комисија во 2006 година го усвои Акциониот план на ЕУ за биодиверзитет со цел да се забрза напредокот во оваа област. Најголем успех претставуваше Натура 2000 – ЕУ мрежа на заштитени области, која сега покрива 17% од територијата на Унијата, со што се спречи уништувањето на животната средина. И покрај напорите, постојат јасни индикации дека Европската унија нема да успее да ја исполни поставената цел. Советот за животна средина на ЕУ на состанокот одржан во март 2009 повика на потребата за нова визија и цел за биодиверзитет за периодот после 2010 година, како придонес кон глобалната цел за биодиверзитетот што ќе се усвојува оваа година.

Комисијата ја претстави визијата на ЕУ до 2050 година како и четири различни опции за среднорочните цели што треба да се исполнат до 2020 година. Стратегијата за биодиверзитет на ЕУ ќе биде претставена кон крајот на годината. Зацртаната визија и поставените цели ќе бидат основа на ЕУ за градење на силна позиција за претстојните меѓународни преговори на темата „Нова глобална визија за биодиверзитетот за периодот после 2010 година", што ќе се одржат оваа есен во Нагоја, Јапонија.

**Четврток, 21 јануари 2010 година, Мадрид**

## ЕВРОПСКА ГОДИНА ЗА БОРБА ПРОТИВ СИРОМАШТИЈА И СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ

Европската комисија и Шпанското претседателство со ЕУ ја започнаа 2010 година како Европска година за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување. На Конференцијата во Мадрид беше претставена програма за подигање на свеста за сиромаштијата под слоганот „Стоп за сиромаштијата, сега!".

Програмата ќе се имплементира во земјите членки на Европската унија, како и во Исланд и Норвешка. Вкупниот буџет на програмата изнесува 17 милиони евра (дополнет со национално кофинансирање) со кој се очекува да се покријат активностите како на европско така и на национално ниво. Средствата ќе бидат наменети за реализација на кампањи и национални проекти за подигнување на свеста за борбата против сиромаштијата. Целта на кампањите е оваа тема да биде ставена во фокусот на интересите на ЕУ во текот на 2010 година.

Европскиот комесар за вработување, социјални прашања и еднакви можности Владимир Шпидла нагласи дека секој шести Европјанин секојдневно се бори против сиромаштијата, која може да влијае на секој човек, како и на општеството во целина. Ова прашање е ставено на врвот од европската агенда, со цел Европа со заеднички сили да се справи со сиромаштијата и социјалното исклучување.

Годишните активности ќе бидат во голема мера децентрализирани и ќе се реализираат преку националните програми изготвени од 29 земји (27 земји членки плус Исланд и Норвешка). Настаните по повод Европската година за борба против сиромаштија и социјално исклучување ќе се организираат меѓу земјите учеснички, ЕУ, во партнерство со граѓанското општество, невладините организации и социјалните партнери. Низа активности ќе бидат организирани низ цела Европа, кампањи за подигање на свеста на луѓето, информативни средби во училиштата, тркалезни маси и обука за медиумите и одговорните лица. Планираните активности и настаните вклучуваат и две наменски недели, новинарски натпревар, ликовна изложба, и две големи конференции во јануари и декември 2010.

Крајот на Европската година за борба против сиромаштија и социјално исклучување ќе биде обележан со завршна конференција која ќе се одржи на 17 декември во Брисел, под покровителство на Белгиското претседателство со ЕУ.

**Петок, 22 јануари 2010 година, Стразбур**

**НИКИФОРОС ДИАМАНДОРОС РЕИЗБРАН ЗА ЕВРОПСКИ ОМБДУСМАН**



На 20 јануари 2010 година Никифорос Диамандорос повторно беше избран за Европски омбдусман. На оваа позиција Диамандорос е од 2003 година, а на овој избор, со тајно гласање, ја доби поддршката од 340 пратеници на седница на Европскиот парламент.

Во неговиот мандат до 2014 година, Диамандорос ќе се залага ЕУ да ги осварува придобивките за граѓаните кои се овозможуваат со Лисабонскиот договор, зајакнување на конструктивниот дијалог со Европските институции и органи и подобрување на услугите за граѓаните, преку поефикасно искористување на ресурсите. Во агендата на Диамандорос е и зајакнување на соработката со националните и регионални правобранители и да се оствари поефикасна комуникација со граѓаните на ЕУ.

Функцијата омбдусман, која е воведена во 1995 година има за цел да ги истражува жалбите за неприкладно административно работење на институциите на ЕУ, недостатокот на транспарентност и одбивањето да се дадат информации или документи.

**Петок, 22 јануари 2010 година, Стразбур**

**ЕНЕРГЕТСКИ ПАЗАРИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И Е-ТРГОВИЈА**



„Во рамките на шестмесечното претседателство со Унијата, Шпанија ќе врши притисок за заеднички Европски енергетски пазар и е-трговија", истакна премиерот Хозе Луис Родригес Запатеро, на 20 јануари, пред пратениците во Европскиот парламент.

Презентирајќи ги приоритетите на Шпанското претседателство со ЕУ, во Стразбур, Запатеро повика за намалување на енергетската зависност на Унијата, која се зголемила за 9% во последната деценија. Запатеро повика на организирање на заеднички пазар за енергија, додавајки дека тоа е најдобро решение за намалување на енергетската зависност на Европа и истакна дека енергетските поврзувања и заедничките регулаторни правила се столбови на заедничкиот енергетски пазар.

Исто така, Запатеро истакна дека Шпанија ќе врши притисок за инвестирање во дигиталните технологии, имајќи предвид дека 40% од вкупниот пораст на Европа е резултат на овие технологии. Од причина што Европа нема дигитален пазар, е-трговијата е ограничена во рамките на државните граници. Зајакнувањето на дигиталната трговија ќе го поттикне растот во секторот и ќе создаде повеќе работни места.

Шпанскиот премиер повика и на потребата за развој на електричната автомобилска индустрија на ниво на ЕУ.

Стратегијата „ЕУ 2020" за економско и социјално обновување ќе биде камен темелник на шпанското претседателство со ЕУ. Оваа стратегија треба да ја замени Лисабонската стратегија за раст и работни места, усвоена во Португалија пред десет години. Во рамките на стратегијата, Шпанија ќе врши притисок за „нов социјален договор" помеѓу компаниите и работниците.

Претседателот на Европската комисија, Жозе Мануел Баросо, повика за потребата за силни механизми за координација кои ќе ја придружуваат Стратегијата „ЕУ 2020". Се очекува финалната стратегија да се усвои на Самитот во јуни 2010 година, а во меѓувреме ќе продолжат консултациите со Европскиот парламент.